Vrhovno sodišče Ljubljana

СЛУЖБ
НА СОЦИЈАЛИСТИ

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Вторник,
Скопје
Број 28 Год. XXV

сува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

**249.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА СО НЕПОЛНО РАБОТНО ВРЕМЕ

Се прогласува Законот за начинот на пополнување на работните места со неполно работно време, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 8 јули 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 8 јули 1969 година.

Бр. 2425
9 јули 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА СО НЕПОЛНО РАБОТНО ВРЕМЕ

Член 1

Државните органи, здруженијата, работните и другите организации (органот односно организацијата) пополнувањето на работните места со неполно работно време во смисла на член 41 од Основниот закон за работни односи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 43/66, 52/66, 26/68 и 20/69) се должни да го огласат преку јавните средства за информации и да поднесат пријава до општинскиот завод за запослување на работниците.

Член 2

На работните места утврдени со неполно работно време можат да се примаат лица што се наоѓаат како безработни во евиденцијата на општинскиот завод за запослување или делумно запослени работници (член 19 од Основниот закон за работни односи), ако во поглед на стручната спрема ги исполнуваат условите пропишани за тоа работно место.

Член 3

По исклучок од претходниот член на работните места со неполно работно време за кои се бара научно звање, висока стручна односно соодветна на неа спрема, органот односно организацијата може, по претходна согласност од комисијата од член 4 од овој закон, да прими и работник кој е во работен однос со полно работно време во друг орган односно организација.

Член 4

За давање согласност за пополнување на работните места од претходниот член се образуваат: Републичка и општински комисии за давање согласност за пополнување на работни места со неполно работно време.

Републичката комисија дава согласност за пополнување на работни места со неполно работно време во: републичките органи на управата, органите и организациите што вршат работи од општ интерес на Републиката и работните и другите организации што ги основа Републиката.

Општинската комисија дава согласност за пополнување на работните места со неполно работно време во: општинските органи на управата и во сите други органи односно организации.

Претседателот на Републичката комисија и неговиот заменик ги именува Извршниот совет, а по еден член и негов заменик именуваат: Стопанската комора на Македонија, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Републичката заедница за запослување на работниците, Републичката заедница за образование и Републичката конференција на Сојузот на младината на Македонија.

Претседателот на општинската комисија и неговиот заменик ги именува општинското собрание, а по еден член и негов заменик именуваат: Стопанската комора на Македонија, општинскиот совет на Сојузот на синдикатите, општинската заедница за запослување на работниците, општинската заедница за образование и општинската конференција на Сојузот на младината.

Комисиите од овој член времетраењето на согласноста го определуваат според карактерот на работата најмногу до 3 години.

Член 5

Административните работи на Републичката комисија за давање согласност за пополнување на работните места со неполно работно време ги врши Републичкиот секретаријат за труд.

Член 6

Со парична казна од 5.000 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок орган односно организација:

1. ако работното место со неполно работно време не го огласи преку јавни средства за информации и не поднесе пријава до општинскиот завод за запослување на работници (член 1);

2. ако работното место со неполно работно време не го пополни со безработен или делумно запослен работник (член 2);

3. ако местото со неполно работно време го пополни со работник кој е во работен однос со полно работно време без прибавена согласност од надлежната комисија (член 3 и 4).

Член 7

Сите договори, одлуки и решенија кои се во спротивност со одредбите од овој закон важат најдоцна до 16 август 1969 година.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 16 август 1969 година.

---

**250.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО СТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за учениците во стопанството, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 8 јули 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 8 јули 1969 година.

Бр. 2427
9 јули 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО СТОПАНСТВОТО

Член 1

Во Законот за учениците во стопанството („Службен весник на СРМ“ бр. 38/66) по член 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

„Работната организација односно самостојниот работодател се должни, според критериумите и под условите утврдени со овој закон, да примаат ученици на практична работа заради изучување на занимањата“.

Член 2

Член 10 се менува и гласи:

„Работната организација односно самостојниот работодател кои држат ученици на практична работа се должни да обезбедат:

1. ученикот да го изучува занимањето под раководство на лице кое има најмалку степен на стручно образование на квалификуван работник од соодветното занимање;

2. деловните простории да одговараат на здравствено-техничките и санитарните услови пропишани за соодветната дејност и во нив непречено да се изведува обучувањето на ученикот“.

Член 3

По член 12, а по називот „Ш. Прием на ученици“, се додаваат три нови членови кои гласат:

„Член 12а

Работната организација односно самостојниот работодател се должни да примаат ученици на практична работа ако имаат запослено работници со степен на стручно образование на квалификуван и висококвалификуван работник од следните групи занимања односно занаети:

— обработувачи и преработувачи на метал,
— електричари,
— автомеханичари и прецизни механичари,
— златари, гравери и кујунџии,
— обработувачи на дрво,
— обработувачи на камен,
— градежници (само во занимањата од градежното занаетчиство и ракувачи на градежни машини),
— производители и обработувачи на текстил (шивачи, конфекционери и трикотажери),
— обработувачи на кожа и чевли,
— стаклари и керамичари,
— производители на прехранбени производи,
— графичари и книговесци,
— лакирери и фарбари,
— преработувачи на пластични и други вештачки маси,
— кувари и келнери, и
— услужни работници (фризери, негувачи на лицето и телото, одржувачи на згради).

Обврската за прием на ученици на практична работа не се однесува на работните организации од индустријата ако занимањата предвидени во претходниот став на кои се запослени работници со степен на стручно образование на квалификуван и висококвалификуван работник, се врши на високо механизиран начин и со детализирана поделба на трудот.

Член 12б

Работната организација е должна да прими ученици на практична работа и тоа: ако има од 3 до 5 запослени работници со степен на стручно образование на квалификуван и висококвалификуван работник од занимањата наведени во член 12а став 1, најмалку по еден ученик за секоја група занимања, над 6 до 10 — двајца ученици, а на секои наредни 5 работници, уште по еден ученик.

Самостојниот работодател од занаетчиството и угостителството кој запослува 3 или повеќе работници е должен да прими најмалку двајца ученици од соодветното занимање што имаат запослено до два работника, односно немаат запослено работници, а останатите самостојни работодатели од тие занимања најмалку по еден ученик.

Член 12в

Собранието на општината може делумно или во целина да ја ослободи работната организација односно самостојниот работодател од примање на ученици, ако:

— на подрачјето на општината не постои потреба од изучување на одделни занимања;

— работната организација преку училишта со практична обука или на друг начин организира школување на најмалку онолкав број ученици колку што е должна да прими ученици според критериумите од член 12б на овој закон, и

— поради подолго боледување или старост на самостојниот работодател, кога истиот нема запослено квалификувани или висококвалификувани работници.

Собранието на општината со одлука може да пропише и други случаи на делумно или целосно ослободување на работната организација односно самостоен работодател од примање на ученици".

Член 4

Во член 17 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Практичното учење на учениците кои не се должни да посетуваат соодветно училиште, трае најмногу 36 часа неделно".

Член 5

Членот 26 се менува и гласи:

„Ученикот има право да отсуствува од практичната работа до седум дена во една календарска година во случај на болест, смрт или стапување во брак на член од домаќинството и во други случаи утврдени во општиот акт на работната организација односно со договорот за учење кај самостојниот работодател".

Член 6

Во член 40 став 1 точката 2 се менува и гласи:

„2. прима ученик спротивно на одредбите од член 13 и 15 од овој закон;"

По точка 4 се додаваат две нови точки кои гласат:

„5. не ги исполнува условите предвидени во член 10 и 18 од овој закон.

6. во определениот рок не објави огласи за прием на ученици или со огласот не бара односно не прими толкав број колку што е должен според критериумите на овој закон."

Во став 2 од овој член бројката „150" се заменува со бројката „300", а бројката „500" со бројката „1.000".

Член 7

Терминот „самостоен занаетчија" употребен во Законот за учениците во стопанството, се заменува со изразот „самостоен работодател".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**251.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ОПШТИНА НА ГРАД СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за образување општина на град Скопје,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 25 јуни 1969 година и на седницата на Соборот на општините одржана на 8 јули 1969 година.

Бр. 2482
9 јули 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ОПШТИНА НА ГРАД СКОПЈЕ

Член 1

Во Законот за образување општина на град Скопје („Службен весник на СРМ" бр. 44/68) членот 6 се менува и гласи:

„Статутот на градот Скопје ќе се донесе најдоцна до 31 јули 1969 година".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

---

**252.**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 12/67, 23/67 и 40/68), Извршниот совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА НА ЦЕНИ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ЕЗЕРСКИОТ СООБРАЌАЈ

1. Се определува известување за цените на органот за цени заради евиденција (евиденција на цени) за превоз на патници во езерскиот сообраќај.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1460/1
23 јуни 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев, с. р.**

---

**253.**

Врз основа на член 20 од Законот за распишување заем за зголемување на запосленоста („Службен весник на СРМ", бр. 26/69), републичкиот секретар за финансии донесува

# УПАТСТВО

## ЗА НАЧИНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕТО И УПЛАТУВАЊЕТО НА ЗАЕМОТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗАПОСЛЕНОСТА

1. Запишувањето и уплатувањето на заемот за зголемување на запосленоста (заемот) се врши на начин определен со Законот за распишување на заем за зголемување на запосленоста (законот) и ова упатство.

2. Запишувањето на заемот се врши и тоа:

— за граѓаните што остваруваат личен доход од работен однос, според местото на работењето;

— за пензионерите, земјоделците, занаетчиите и другите лица што вршат самостојна дејност, според местото на живеалиштето;

— за работните и други организации и државните органи (организации), како и за граѓанско-правните лица, според седиштето на истите.

Под работни организации се подразбираат и организациите на здружениот труд на работните и други организации што обавуваат дејност на територијата на Социјалистичка Република Македонија, а седиштето на матичната организација е надвор од подрачјето на Републиката (претставништва, складишта, продавници и слично).

Под други организации се подразбираат општествено-политичките и општествени организации, Комората, здруженијата и слични организации што обавуваат дејност на територијата на Републиката.

3. Запишувањето на заемот се врши преку уписни места.

За граѓаните што се во работен однос на територијата на Републиката, уписното место е во седиштето на организацијата каде што се обавува дејноста.

Уписните места за пензионерите како и за граѓаните што вршат земјоделска, занаетчиска или друга самостојна дејност, ги определува општинската комисија за заем. За овие запишувачи на заемот, уписни места можат да бидат: во месните заедници, месните канцеларии, задругите, здруженијата, училиштата, службите на собранијата на општините и слично.

За граѓаните, граѓанско-правните лица и работните и други организации, со живеалиште, односно седиште надвор од територијата на Републиката, уписните места ги одредува Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје.

4. За секое уписно место се формира комисија од најмалку три члена.

Комисиите од претходниот став ги именуваат:

— организациите, за граѓаните во работен однос;

— Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје, за граѓаните, граѓанско-правните лица и работните и други организации со живеалиште, односно со седиште надвор од територијата на Републиката; и

— општинските комисии, за останатите запишувачи на заемот.

5. При запишувањето на заемот граѓаните даваат изјава со која го определуваат износот на запишаниот заем и бројот на ратите за уплатување, водејќи сметка за одредбите на член 4 и 6 од Законот.

Изјавата од претходниот став граѓаните ја даваат во уписното место, на образец што е составен дел на ова упатство.

6. Организациите запишуваат заем на основа на одлука од органот на управувањето на организацијата, во која го одредуваат износот, бројот на ратите и роковите за уплатување на запишаниот заем. Одлуката се доставува до општинската комисија.

7. Изјавите за запишаниот заем се чуваат во уписните места, освен изјавите за запишаниот заем од пензионерите кои се собираат во општинските комисии и групно доставуваат на Републичкиот завод за социјално осигурување заради задржување на поодделните рати од запишаниот заем при исплатата на пензиите.

8. Износот на запишаниот заем се заокружува на 0 или 5 динари.

9. Во уписните места, за запишувањето и уплатувањето на заемот се води евиденција на посебни обрасци кои ќе бидат пропишани со техничкото упатство на Банката.

10. Запишаниот заем се уплатува на жиро-сметка што ќе ја определи Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје.

11. За граѓаните што остваруваат личен доход од работен однос, уплатувањето на ратите од запишаниот заем го врши организацијата со вирмански налог при подигнувањето на месечните лични доходи.

12. За пензионерите, уплатувањето на ратите од запишаниот заем го врши Републичкиот завод за социјално осигурување со вирмански налог при исплатата на пензиите.

13. Земјоделците, занаетчиите и лицата што вршат друга самостојна дејност, уплатувањето на ратите од запишаниот заем го вршат во уписните места.

Уписните места на запишувачите на заемот од претходниот став им издаваат потврда за секој уплатен износ (рата) на заемот, на образец што ќе го утврди Банката.

Уписните места собраниот износ го уплатуваат со општа уплатница преку филијалите на Службата на општественото книговодство или преку поштите, а во колза на жиро-сметката што ќе ја определи Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје.

14. На запишувачите на заемот кои за одделна рата наместо готови пари, депонираат обврзници од народниот заем за обнова и изградба на Скопје, уписните места им издаваат потврда, на образецот од точката 13.

Депонираните обврзници уписните места ги евидентираат како уплата, според износот на ануитетскиот купон и вредноста на талонот од обврзницата.

Примените обврзници од запишувачите на заемот, уписните места ги доставуваат на Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје со парично писмо.

15. Уплатата на ратите од запишаниот заем од организациите се врши со вирмански налог во роковите утврдени со одлуката за запишувањето на заемот.

16. Обврзниците на заемот ќе се издадат на запишувачите најдоцна до 31 декември 1971 година.

17. Технички упатства за начинот на запишувањето и уплатувањето на заемот, како и за издавањето на обврзниците ќе издаде Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје.

18. Ова упатство влегува во сила од наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 07-1362/1
15 јули 1969 година
Скопје

Републички секретар за финансии,
**Андон Макрадули**, с. р.

Образец бр. 1

Уписно место број ————

Назив на уписното место ————————

Општина ————————————————

И З Ј А В А

за запишување на заем за зголемување
на запосленоста во СР Македонија

Јас ——————————————————————
(име и презиме)

од ——————————————
(место, улица и број)

изјавувам дека запишувам заем за зголемување на запосленоста во СР Македонија во износ од

динари ——————

со букви: (——————————————————).

Запишаниот заем ќе го уплатам во ———— (број)

еднакви месечни рати, почнувајќи од 1 октомври 1969 година.

Забелешка: Заемот се запишува во заокружени износи на 0 или 5 динари.

П о т п и с,

——————————

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При Окружниот суд во Скопје се води постапка во правната работа на малолетната Марија Димиќ од Крива Паланка, застапувана од привремениот старател адвокатот Љубобрад Додев од Скопје, против тужените Невенка Димиќ од Крива Паланка и Кирил Димиќ од Лондон, со непозната адреса, за оспорување на татковство, под П. бр. 255/68.

Се повикува тужениот Кирил Димиќ во рок од 30 дена да се јави во судот или да ја достави својата точна адреса. Доколку во овој рок не постапи по одлуката, ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги штити неговите интереси во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 255/68 од 16. V. 1969 година. (50)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на Пенка Чолакова од Скопје, ул. „670" бр. 24/4/4, против тужениот Ѓорѓи Чолаков со непознато место на живеење, за развод на брак. Вредност на спорот 500 нови динари.

До колку во одредениот рок тужениот не се јави ќе се постави привремен старател во смисла на чл. 77 и 78 од ЗПП, кој ќе го застапува во бракоразводниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1121/69. (52)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителот Шело Јусуф Ариф, ул. „839" бр. 49, населба Тафталиџе П, против тужената Шело Дарка, од татко Јован, со непознато место на живеење, за развод на бракот. Вредност на спорот 500 нови динари.

Се повикува тужената Шело Дарка во рок од 30 дена да се јави лично во судот или да ја достави сегашната своја адреса.

До колку во одредениот рок тужената не се јави ќе ѝ се постави привремен старател во смисла на чл. 77 и 78 од ЗПП, кој ќе ја застапува во бракоразводниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1920/68. (53)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

Пред овој суд се води постапка за амортизација на чекот бр. 39829 од 11. VI. 1969 година за потрошувачки кредит, издаден од Комерцијално-инвестиционата банка во Битола, на сума од 1.500 нови динари на име Елена Митревска од Битола, ул. „Никола Тесла" бр. 100.

Се поканува секој оној што го нашол чекот или го поседува или знае за истиот, да соопшти на судот во рок од 60 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ". Во спротивно овој чек ќе се огласи за неважен.

Од Општинскиот суд во Битола, Р. бр. 229/69.

---

## ЛИКВИДАЦИИ

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека со решението на судот Л. бр. 1/60 од 29. IV. 1969 година е заклучена постапката за присилна ликвидација на Претпријатието за унапредување на лозарството „Грозд" — Струга и истото е избришано од регистарот што го води овој суд.

Од Окружниот стопански суд во — Битола. (496)

Со решението бр. 02-1892/1 од 27. V. 1969 година на Собранието на општината Струмица, над Претпријатието за јавен превоз во патниот сообраќај „Беласица" — Струмица, отворена е постапка за редовна ликвидација.

Се поканува сите поверители и должници да ги пријават своите побарувања, односно да ги измират своите долгови во рок од 30 дена, сметано од објавувањето на огласот. По истекот на овој рок нема да се признаваат никакви побарувања, а долговите според книговодствената евиденција ќе се наплатуваат по судски пат.

Од Ликвидационата комисија (560)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 29, страна 247, книга I е запишано следното: Претпријатието за експлоатација на лигнит со повошински коп село Осломеј, Кичевско, со решението бр. 02-1551/1 од 20. IV. 1969 година на Собранието на општината Кичево се става под редовна ликвидација.

На досегашниот потписник Јанкоски Радослав, в. д. директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За ликвидатор на споменатото претпријатие под редовна ликвидација е назначен Стојан Јованоски од село Јагол Доленци, кој во иднина Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 30. IV. 1969 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 390 од 12. VI. 1969 година. (611)

---

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, на 13. Ш. 1969 година, рег. бр. 39/65, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Гроздановски Љубомир, в. д. директор на Историскиот архив во Охрид.

Се овластува Наум Целакоски, директор, да го потпишува архивот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 13/69. (444)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, на 7. IV. 1969 година, рег. бр. 3/69, е запишано следното: Се допушта уписот на основањето и конституирањето на Радио — Охрид од Охрид, и истото се запишува во регистарот на установите при овој суд под рег. бр. 3/69 и тоа под име: Радио — Охрид, со седиште во Охрид. Предмет на работењето на Радиото е информирање.

В. д. раководител на Радио — Охрид е Живко Димовски.

Радио — Охрид е основан од Извршниот одбор на Општинската конференција на Социјалистичкиот сојуз — Охрид, со одлуката бр. 06-68/1 од 3. IV. 1969 година и решението на Одделението за инспекциски служби на Собранието на општината Охрид.

Потпишувањето на Радио — Охрид ќе го врши Живко Димовски, в .д. раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 15/69. (505)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, на 16. IV. 1969 година, рег. бр. 12/67 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на д-р Петар Тилевски, в. д. управител на Стационарната здравствена установа за лекување на деца забо-

лени од ревматични и други заболувања — Охрид.
Се овластува д-р Ристо Шокароски, в. д. управител, да ја потпишува установата.
Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 16/69. (506)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, на 29. IV. 1969 година, рег. бр. 51/66, е запишано следното: Се проширува дејноста на Ветеринарната станица во Струга, уште со: вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација.
Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 01-116 од 11. IV. 1969 година од работничкиот совет на Ветеринарната станица Струга и решението бр. 03-124/1 односно 08-593/2 од 17. IV. 1969 година на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.
Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 19/69. (509)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 616, страна 571, книга Ш е запишана под име: Комбинирана детска установа „Детска радост" — Гостивар. Предмет на работењето на установата е во рамките на воспитните цели што ги поставува нашата социјалистичка заедница и во согласност со психофизичкиот развиток и можностите на децата, да им организира на децата културна забава, игра и заеднички живот и со тоа да создава основа за натамошното провилно, умно, морално и естетско воспитување.
Да им помага на родителите во згрижувањето и одгледувањето на децата; да се грижи за нивното здравје и правилен телесен развиток, да организира одморалишта и летувалишта за децата и со заеднички престој и забава на децата во погодни климатски услови и места, да придонесе за општествено воспитување на нивното здравје и за развивање на физичките и умствените способности на децата.
Детската установа е основана од Собранието на општината Гостивар, со решението бр. 0201-4381 од 2. X. 1968 година.
В. д. директор на установата е Вера Смиљановска.
Установата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Вера Смиљановска, в. д. директор, и Јелена Георгиева.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 126/68 од 10. IV. 1969 година. (612)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 615, страна 565, книга Ш е запишана под име: Завод за запослување на работници — Кичево — Метална работилница — Кичево, ул. „Нова населба" бб. Предмет на работењето на металната работилница е стручно образование, оспособување, дооспособување и преквалификација на младинци и возрасни, незапослени за занимање под металната струка, преку практична настава и производна работа. Во работилницата ќе се обавува металопреработувачка дејност, ќе врши услуги на трети лица и тоа: браварска, машинобраварска, водоинсталатерска, автомеханичарска, лимарска и металостругарска.
Работилницата е основана од Советот на работната заедница, со одлуката од одржаната седница на 9. XI. 1968 година.
Раководител на работилницата е Петре Даниловски.
Работилницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Василко Јовановски, директор на Заводот.
Обврската пред банката е со еден потпис.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 49 од 26. V. 1969 г. (613)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 457, страна 709, книга П е запишана под име: Здравствен дом „Кисела Вода" — Скопје — Работна единица во село Ракотинци. Предмет на работењето на Работната единица е пружање здравствена заштита на населението од превентива и куратива на подрачјето што го опфаќаат тие работни единици.
Работната единица е основана од Советот на работната заедница, со одлуката бр. 5 од 5. IX. 1966 година.
Работната единица ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето, раководителот Драгослав Станковиќ, лекар, и Тефик Адил, сметководител.
Обврската пред банката е со два потписа.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 7 од 16. V. 1969 год. (614)

---

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1111, страна 583, книга V е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Ѕидаро-фасадерската и молерската задруга „Радика" — Скопје, бидејќи со одлуката на задружниот совет од одржаната седница на 10. XII. 1967 година прераснува во претпријатие под фирма: Ѕидаро-фасадерско и молерско претпријатие „Радика" — Скопје, улица „Индустриска" бр. 1.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 22 од 18. I. 1968 година. (297)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1107, страна 1453, книга V е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата во Скопје, ул. 106а" бр. 69. на Трговското претпријатие на големо и мало „Униврзалинвест" — Скопје, согласно со одлуката на работничкиот совет од одржаната седница на 22. IV. 1968 година.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 626 од 21. VIII. 1968 година. (2032)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1107, страна 1453, книга V е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата во Скопје, ул. „Белградска" бр. 62 на Трговското претпријатие на големо и мало „Универзалинвест" — Скопје, согласно со одлуката на работничкиот совет од одржана седница на 11. III. 1968 година.
Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 627 од 21. VIII. 1968 година. (2033)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 231, страна 542, книга II е запишано следното: На досегашните потписници на Свиларскиот комбинат „Нонча Камишова" — Титов Велес и тоа: Божиновски Александар, директор на продажба, Мурџова Јованка, раководител на план и анализа и Цветановски Паскал, директор на стопанско-сметководниот сектор, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.
За нови потписници на Свиларскиот комбинат „Нонча Камишова" — Титов Велес се назначени: Александар Таневски, директор на стопанско-сметководниот сектор, Димитрие Попов, директор на план и организација и Илија Спасевски, директор на продажниот сектор, кои, комбинатот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите

на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Ѓопевски Петар, шеф на стопанско-сметководниот сектор, Митко Добревски, директор, Бисиновски Димче, директор на набавка, Колевски Томислав, директор на производен сектор, и Бркиќ Ѓураѓај, сметано од 20. VI. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 735 од 15. VIII. 1968 година. (2034)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. IX. 1968 година, рег. бр. 6/56, книга III е запишано следното: Се овластува Кукоски Благоја, раководител на економско-комерцијалниот сектор, покрај досегашниот Кукоски Светомир директор и Трпо Ќурчески, шеф на сметководството, да го потпишува Градежното занаетчиско претпријатие „Дримкол“ од с. Вевчани, Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 437/68. (2055)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9. IX. 1968 година, рег. бр. 7/57, книга III е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата за намештај „Треска“ од Охрид, на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ од Скопје, уште со: продажба на мало на производи на кооперанти, електрични апарати за домаќинството, ќилими, теписи, платно за декор на станот, музички апарати, постелнина, машини за шиење, детски колички и сл.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 419/68. (2060)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 2. IX. 1968 година, рег. бр. 2/55, книга IV е запишана под фирма: Продавница во Ресен, ул. „Мите Богоески“ бб, на Земјоделската задруга „Кисела Вода“ од Ресен. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на следните стоки и тоа: деликатесни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, млечни производи, сувомесни производи и конзервирано месо, зеленчук, овошје и преработки, производи врз база на шеќер и какао и домашни продукти.

Раководител на продавницата е Стојановски Лале.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Кисела Вода“ од Ресен, со одлуката бр. 02-2770/1 од 20. VIII. 1968 година, на задружниот совет и решението бр. 04-7101/1 од 12. VIII. 1968 година, на Одделението за стопанство на Собранието на општината Ресен.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 415/68. (2081)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 2. IX. 1968 година, рег. бр. 2/55, книга IV е запишана под фирма: Кланица во Ресен, на Земјоделската задруга „Кисела Вода“ од Ресен. Предмет на работењето на кланицата е колење на жив добиток и преработка на месо и месни производи.

Раководител на кланицата е Стојановски Ефтимов Сане.

Кланицата е основана од Земјоделската задруга „Кисела Вода“ од Ресен, со одлуката бр. 02-1790 од 6. VI. 1968 година, на задружниот совет и решението бр. 04-5641/1 од 9. V. 1968 година, на Одделението за стопанство на Собранието на општината Ресен.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 416/68. (2082)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 304, страна 376, книга III е запишано следното: На досегашните потписници на Рудници и индустрија за хром, антимон и арсен „Радуша“ — Ѓорче Петров, Георги Цветанов, раководител на комерцијалниот сектор и Војо Трајковски, директор на економски работи, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нови потписници на Рудници и индустрија за хром, антимон и арсен „Радуша“ — Ѓорче Петров се назначени следните лица: Томо Кешкец, раководител на општиот сектор и Благоја Ефтимовски, раководител на комерцијалниот сектор, кои претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: инженер Пано Едровски, в. д. главен инженер за рударство, инженер Томислав Тодоровски, главен директор и Драган Цартовски, раководител на финансискиот сектор, сметано од 7. II. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 151 од 4. XI. 1968 година. (2088)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 964, страна 1305, книга V е запишана под фирма: Производно трговско претпријатие „Македонија-спорт“ — Скопје — Продавница број 12 во Скопје, ул. „106“ бр. 11. Предмет на работењето на продавницата е промет на мало на спортски реквизити, туристичка опрема, куса и галантериска стока.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Производното трговско претпријатие „Македонија-спорт“ — Скопје, со одлуката бр. 287 од 12. I. 1968 година.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Димовски Иван, раководител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 719 од 21. X. 1968 година. (2096)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 361, страна 7, книга II е запишано следното: Фабриката за градежни материјали „8 ноември“ — Неготино, со решението бр. 01-724/1 од 30. III. 1968 година, на Собранието на општината Неготино се става под присилна управа и за присилен управник е назначен Фрањо Еделењи.

На досегашните потписници на спомената фабрика Петар Паунков, директор и Никола Кушев службеник, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

Фабриката под присилна управа ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето Фрањо Еделењи, присилен управник, службеник, сметано од 15. IV. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 426 од 18. VI. 1968 година. (2097)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1255, страна 1445, книга V е запишано под фирма: Товарна господињске опреме „Горење“ — Велење — Претставништво и сервис во Скопје, ул. „Ленинова“ бр. 33. Предмет на работењето на претставништвото склучување на договори за купопродажба во име и за сметка на претпријатието во рамките на регистрираната дејност на претпријатието; решавање на сервисните рекламации, водење на евиденција и на пресметка за сервисните поправки; продажба на мало и водење на евиденција на производите на претпријатието, како и на производите на кооперантите.

Претставништвото е основано од работничкиот совет на Товарна господињске опреме „Горење“ — Велење, со одлуката од одржаната седница на 26. III. 1968 година.

Раководител на претставништвото е Предраг Симовски.

Претставништвото и сервисот во Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 463 од 8. X. 1968 година. (2103)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1257, страна 1503, книга V е запишано под фирма: Деловно здружение за производство, преработка и промет со земјоделски производи „Македонија — експорт" — Скопје, ул. „11 октомври" бр. 36. Предмет на работењето на здружението е промет во земјата со артикли од земјоделското производство и репродукциониот материјал потребен за земјоделството.

Деловното здружение е основано со одлуката на основачкото собрание држано на 16. V. 1968 година, од основачите членки и тоа: Земјоделската задруга „Мирко Делев" — село Негорци, Земјоделското стопанство „Гевгелиско Поле" — Гевгелија, Земјоделската задруга „Иднина" — с. Стојаково. Земјоделската задруга „Светлост" с. Црничани, Земјоделскиот комбинат „Радовишко Поле" — Радовиш, Земјоделското стопанство „Душан Ќириќ" — с. Росоман, Земјоделскиот комбинат „Лозар — Титов Велес, Земјоделската задруга „Изворски" с. Богданци, Земјоделскиот комбинат „Преспанско јаболко" — Ресен, Трговското претпријатие за промет на големо и мало „Овче Поле" — Скопје, Земјоделската задруга „Кисела Вода" — Ресен, Здруженото претпријатие „Југо — тутун" — Скопје, „Стив Наумов" — Битола, Земјоделската задруга „Преспа" — с. Љубојно, Земјоделската задруга „Црна Река" — с. Бучин, Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов" — Крушево, Трговското претпријатие „Градинар Лоза" — Скопје, и Земјоделската задруга „Мурговец" с. Врапчишта.

Деловното здружение за производство, преработка и промет со земјоделски производи „Македонија експорт" — Скопје, ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Џочков Ѓорѓи, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Деловното здружение за производство, преработка и промет со земјоделски производи „Македонија експорт" — Скопје е конституирано на 16. V. 1968 година. За претседател на управниот одбор е избран Перо Сасајков, директор на Земјоделскиот комбинат „Преспанско јаболко" — Ресен а за заменик Ристо Ичев, директор на Земјоделската задруга „Изворски" с. Богданци.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 672 од 29. X. 1968 година. (2104)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, страна 455, книга V е запишана под фирма: „Македонија" — претпријатие за извоз-увоз на тутун — Скопје — Продавница „Грација" — Скопје, ул. „Гоце Делчев" бр. 8. Предмет на работењето на продавницата е малопродажба на текстил, куса и плетена стока и конфекција, галантериска и базарска стока и играчки, производи од гума, каучук и пластична маса, музички инструменти, радио-апарати и прибор, часовници и производи од племенити материјали, парфимериска и козметичка стока, прибор за пишување, деликатесни производи тоа: овошни сокови и сирупи во оригинална опаковка, алкохолни и безалкохолни пијалоци во оригинална опаковка, тутунови преработки, кибрит и прибор.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Македонија" — претпријатие за извоз-увоз на тутун — Скопје, со одлуката бр. 80, од одржаната седница на 28. IX. 1968 година.

Раководител на продавницата е Драговиќ Миодраг.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1092 од 31. X. 1968 година. (2111)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 516, страна 1247, книга V е запишано следното: Дејноста на „Центроколонијал" — Трговско претпријатие за колонијално-прехранбени и мешани стоки на големо и мало — Скопје, согласно со одлуката на работничкиот совет од одржана седница на 12. I. 1968 година се проширува и со производство на риба.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 760 од 20. VIII. 1968 година. (2119)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1157, страна 1137, книга V е запишана под фирма: Работна организација за универзална трговија на големо и мало „Младост" — Скопје — Продавница број 3 во Титов Велес, ул. „Киро Чучук" број 35. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијална стока.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Работната организација за универзална трговија на големо и мало „Младост" — Скопје, со одлуката бр. 667 од 7. VII. 1968 година.

Раководител на продавницата е Миов Мите.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 992 од 26. X. 1968 година. (2128)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. X. 1968 година, рег. бр. 24/62, книга I е запишано следното: Споредна дејност на Фабриката за чешлано, волнено и синтетичко предиво „Битола-текс" од Битола е дрводелска, машино-браварската, електротехничката и автомеханичарската дејност.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 2663 од 15. V. 1968 година, на работничкиот совет на Фабриката „Битола-текс" од Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 220/68. (2157)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 1593, книга V е запишано следното: Дејноста на Продавницата за намештај во Валандово, ул. „Маршал Тито" бр. 20, на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска" — Скопје. се проширува и со: продажба на мало на производи на кооперанти. електрични апарати за домаќинство, ќилими, теписи, платно за декор на станови, музички апарати, постелнина, машини за шиење, детски колички и слично, согласно со одлуката на работничкиот совет на претпријатието.

Од Оружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 939 од 23. X. 1968 година. (2181)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, страна 1587, книга V е запишано следното: Дејноста на Продавницата во Гевгелија на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска" — Скопје, согласно со одлуката бр. 17335 од 7. VIII. 1968 година, на работничкиот совет се проширува и со: продажба на мало на производи на кооперанти, електрични апарати за домаќинство, ќилими, теписи, платно за декор на станови, музички апарати, постелнина, машини за шиење, детски колички и слично, согласно со одлуката бр. 17335 од 7. VIII. 1963 година, на работничкиот совет.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 936 од 23. X. 1968 година. (2182)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 1585, книга V е запишано следното: Дејноста на Продавницата во село Богданци, на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 17335 од 7. VIII. 1968 година, на работничкиот совет, се проширува и со: продажба на мало на производи на кооперанти, електрични апарати за домаќинство, ќилими, теписи, платно за декор на станот, музички апарати, постелнина, машини за шиење, детски колички и слично.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 977 од 25. X. 1968 година. (2183)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 572, страна 1403, книга V е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со прехранбени и индустриски стоки на големо и мало „Славија“ — Скопје — стовариште во Дебар (во близината на Пожарниот дом). Предмет на работењето на стовариштето е продажба на големо и мало на производи — артикли и тоа на црнаат металургија гранка 114, материјали од обоената металургија гранка 115, материјали од индустријата на неметали гранка 116, индустријата на градежни материјали гранка 121 и дрвната индустрија гранка 122.

Стовариштето е основано од работничкиот совет на Трговското претпријатие за промет со прехранбени и индустриски стоки, на големо и мало „Славија“ — Скопје, со одлуката бр. 657 од 23. I. 1968 година.

Раководител на стовариштето е Малиновски Лазар.

Стовариштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 179 од 6. XI. 1968 година. (2185)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 4, страна 81, книга II е запишано следното: Кон Земјоделскиот комбинат „Куманово“ — Куманово се присоединува Центарот за унапредување на земјоделството — Куманово, согласно со одлуката бр. 0201-708/1 од 15. II. 1968 година на работничкиот совет на комбинатот и одлуката бр. 01-170/1 од 17. II. 1968 година, на Центарот за унапредување на земјоделството — Куманово како и решението бр. 4732 од 2. IV. 1968 година, на Собранието на општината Куманово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1114 од 14. XI 1968 година. (2187)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните. рег. бр. 212, страна 661, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Претпријатието за производство на уметнички брусеви и абразивни материјали „Иднина“ — Кратово и тоа: Петар Ј. Јакимов, шеф на книговодството и Раде Атанасов Граматиков, директор, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нови потписници на претпријатието се назначени: Милан Љубенов Јанакие, инженер технолог, в. д. директор, Максимовски Игнатов Стевко, в. д. шеф на сметководството и Михајло Методиев Тренчев, финансиски книговодител, кои претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, сметано од 7. XI. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1135 од 25. XI. 1968 година. (2188)

---

